# ПРИЛОГ 4.Г:
# БАРАЊА ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ТЕЛЕФОНСКИ БРОЕВИ

Содржина

1. Пренос на телефонскиот број на Претплатник........................................................................2
2. Заштита на податоците на Претплатник..............................................................................2
3. Други поединости за сигнализација....................................................................................3
4. Вклученост на даватели на услуги како трета страна........................................................3

## 1. Пренос на телефонскиот број на Претплатник

**1.1** Усогласноста со релевантните одредби на ЗЕК бара, меѓу другото, Страните меѓусебно да ги пренесат информациите кои може да се користат за идентификување на повикувачката страна. Кога повикот се воспоставува, Страните го пренесуваат меѓусебно, без да бараат: телефонскиот број на повикувачкиот Претплатник, или во случај на пренасочување на Повик: телефонскиот број на линијата од којашто Повикот бил пренасочен. Страните гарантираат дека тие исто така транспарентно ќе го пренесат телефонскиот број на Телефонски Мрежен Оператор како трета страна.

Телефонскиот број се пренесува преку Интерконекциската Точка (со национален или меѓународен формат во зависност од повикувачкиот Претплатник, или во случај на Повик што е само пренасочен, телефонскиот број на линијата од која Повикот е пренасочен).

**1.2** Страната што го транзитира Повикот е ослободена од обврската да го пренесе Претплатничкиот Број (Број 'А' или телефонски број на линијата што го пренасочила Повикот) на Страната што го прима Повикот ако Јавната Телефонска Мрежа и/или важечките национални прописи

а) за локалниот мрежен оператор на меѓународниот повикувачки Претплатник или странскиот Претплатник кој го пренасочил Повикот; или
б) во земјата каде воглавно се наоѓа меѓународниот повикувачки Претплатник или странскиот Претплатник кој го пренасочил Повикот не овозможуваат пренос на телефонскиот број.

Во случај на Повици што доаѓаат од такви меѓународни мрежни оператори или земји, Страната што го пренесува Повикот мора, наместо телефонскиот број, да ја пренесе информацијата што била претходно договорена со Страната што го прима Повикот во согласност со Системот за Сигнализација.

**1.3** Доколку Страната што го испраќа Повикот не ги исполни обврските опишани погоре во Точките 1.1 и 1.2, Страната што го прима Повикот не е обврзана да го воспостави Повикот.

**1.4** Во процесот на воспоставување на Повикот, Страните го пренесуваат поврзаниот број на другата Страна.

## 2. Заштита на податоците на Претплатник

**2.1** Доколку „address presentation restricted indicator", во согласност со Системот за Сигнализација SS7 е поставен на "presentation restricted" или "unknown", или во Системот за Сигнализација SIP полето „From header" е поставен на "Anonymous" и „Privacy header„ е поставен на "id", податоците на Претплатникот може да се користат само за следниве цели:

а) работа и одржување;
б) идентификација на злонамерни повици;
в) регистрирање на појдовни меѓународни повици;
г) регистрирање на повици со посредување на оператори;
д) регистрирање и формирање на цена за Интелигентна Мрежа повици; и
ѓ) преставување кај терминалната опрема на брза помош, полиција и противпожарна служба, со дозвола на јавни или државни безбедносни организациии или тела, преставување кај терминалната опрема на овие организации и услуги што се од клучно значење за работата на државата или снабдување на населението, кога е тоа побарано од страна на таквите организации во оправдани случаи.
е) бришење на рестрикција за преставување на идентификација на повикувачка линија кога е

поставен CLIR override.

**2.2** Страните имаат целосна одговорност кон нивните Претплатници за нудење и активирање на преставување/рестрикција на такви информации кај Претплатникот, квалитетот на таквата понудена услуга и жалби од Претплатници поврзани со истото. Исклучок на ова правило е кога Страната која го прима Повикот постапува со пренесените податоци на начин поинаков од правилата утврдени во Прилог 3.Г (Опис на Подобрени Услуги).

**2.3** При управување со телефонски броеви, Страните мора да ги исполнат нивните обврски утврдени во Законот за заштита на лични податоци (Службен Весник на РМ 7/05).

2.4 **Во случај Претплатникот да не бара со изјава за управување со податоци или претставување или рестрикција врз основа на поединечен повик на неговиот претплатнички број кај Претплатничката Пристапна Точка, во Системот за Сигнализација SS7 „presentation indicator" ќе се постави на „presentation allowed",или во SIP во From header е поставен повикувачкиот претплатнички број.3. Други поединости за сигнализација**

**3.1** Страните – доколку во нивните Мрежи ги имаат воведено за нивните Претплатници следните услуги обезбедени на Претплатничките Пристапни Точки – исто така треба меѓусебно да ги испраќаат неопходните сигнализациски пораки за следните услуги во Сообраќајот и помеѓу нивните Интерконектирани Мрежи:

**а)** услуги за идентификација на повикувачка линија (CLIP/CLIR);
**б)** услуги за идентификација на повикана линија (COLP/COLR);
**в)** услуги за пренос на параметар на пренасочен повик;
**г)** услуга за затворена корисничка група (CUG) (само национално).?

**3.2** Страните гарантираат дека транспарентно ќе ги транзитираат сигнализациските пораки, кои се неопходни за услугите опишани во Точка 2.1, на Телефонски Мрежен Оператор како трета страна.

**3.3** Во процесот на воспоставување на Повик, Страните секогаш без да бараат ќе ги пренесуваат меѓусебно "Информацијата за пренасочување на повик" - во SS7 Сигнализација „Call Diversion Information", "Информација за настан" - „Event Information", "Број на локацијата" - „Location Number","Прво избраниот број од претплатник А" - „Original Called Number" и "Број на кој се пренасочува повикот" - „Redirection Number", а во во SIP Сигнализација SIP status 181, Call is being forwarded со History info кое го содржи претплатничкиот број кон кој е пренасочен повикот. Обезбедувањето на информациите до Претплатниците и користењето на информациите за други цели мора да биде предмет на правилата што се применуваат за управувавање со телефонски броеви.

**4. Вклученост на даватели на услуги како трета страна**

Страните кои имаат постигнато договор за управување со телефонски броеви со Телефонски Мрежни Оператори како трета страна со кои имаат договорен однос гарантираат дека ќе ги почитуваат условите утврдени во овој Прилог.